# З А П И С Н И К

Од 55-та седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 11.06.2020 год.

Седницата се одржа онлајн преку апликацијата ZOOM и започна со работа во 10,30 часот.

На седницата беа присутни 31 членови на Советот на Општината: Претседателотот на Советот-Валентин Груевски, Методија Илиевски,Зоран Стојчевски, Жаклина Наумовска, Ристенка Алтипармаковска,Борче Корлевски,Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Зоран Ѓеорѓиев, Владе Шеровски, Елизабета Тодоровска, Виолета Дракалска,Татјана Крнчева, Јован Налбанти, Славе Најдовски, Веселин Талевски, Билјана Поповска, Анита Ангелевска,Александар Мирчевски,Горан Михајловски,Тони Коњановски,Иванчо Тошевски, Николче Јанкуловски,Борче Димитровски,Олга Лозановска, Викторија Христовска, Горан Степановски,Габриела Илиевска, Иван Чулаковски.

Претседателот на Советот Валентин Груевски го прочита дневниот ред со 11 точки.

Претседателот на Советот Валентин Груевски предложи нови точки на дневниот ред:

1.Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 год.

2. Одлука за измени и дополнување на Одлуката Бр. 09-122/10 од 19.09.2019 година, донесена од Советот на Општина Битола, за кофинансирање (учество) на Општина Битола за исплата на средства во висина од 276.378,00 денари на име на ДДВ (данок на додадена вредност) за одобрени средства во висина на 1.535.436,00 денари на Општина Битола од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку Пелагонискиот плански регион за реализација на проект за „Изградба на улици во населено место Долно Оризари – Општина Битола.

3. Одлука за ставање вон сила на Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на детален урбанистички план и Одлука за утврдување наНацрт план донесени од Совет на Општина Битола

4. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Барешани** во идна урбанистичка планска документација.

5. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Олевени** во идна урбанистичка планска документација.

6. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Бистрица** во идна урбанистичка планска документација.

7. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Дихово** во идна урбанистичка планска документација.

8. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на

бесправните објекти изградени во **КО Оптичари** во идна урбанистичка планска документација.

9. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Нижеполе** во идна урбанистичка планска документација.

10. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Крклино** во идна урбанистичка планска документација.

11. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Братиндол** во идна урбанистичка планска документација.

12. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Магарево** во идна урбанистичка планска документација.

13. Одлука за утврдување на комуналните такси во Општина Битола согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за комуналните такси за време на вонредна состојба

Точката под ред бр.13 ќе биде ставена како последна точка на дневен ред (одкако ќе излезе во Сл.Весник).Со оваа точка и она што во текот на предходниот ден беше овозможено од Влада со Одлука,додека трае Вонредната состојба сите угостителски дуќани кои користат делове простор ќе бидат ослободени од плаќање на комунална такса.До сега плаќањето беше од 5 до 15д. по м2,со Одлуката од предходниот ден се овозможува за цело време на траење на Вонредната состојба да не плаќаат ништо односно плаќањето да биде (0)нула д.за м2.После завршување на Вонредната состојба со Одлуката ќе се предложи да се плаќа по 5 д. од м2 заклучно со 15.11.2020, од причина што угостителите одобрението кое го вадат угостителите од 15.04 до 15.11.Доколку продолжи ваквата состојба и после 15.11-Советот повторно ќе донесе некаква Одлука.

Олга Лозановска предложи предлог мерки за да се намалат економските последици од актуелната состојба која ја затекна нашата држава и нашиот град.

-намалување на донокот на имот до законски минимум

-намалување на данок на пренос-промет на недвижнини од 3 на 2% до законски минимум

-намалување на комуналната такса-фирмарина на законски минимум за сите сублекти

-ослободување од надоместок за поставување на урбана опрема за период од 1.01.2020 до 31.12.2020 и

-ослободување на хотелите од плаќање на туристичка такса за период од 1.01.2020 до 31.12.2020.

Тони Коњановски побара Комисијата за јавни и комунални дејности да ја утврди состојбата на терен,да поднесе извештај и да предложи мерки за санирање на состојбата со водоснабдувањето и нарушената комунална хигиена во горните делови од нас.Баир (ул.Караорман, Петочна вода, Мукос,Лубојно и делот над обиколницата).Коњановски предложи нова точка:Информација од Комисијата за комунални дејности за состојбите со водоснабдувањето и комуналната хигиена во делот од градот односно населбата Баир во Битола.

Габриела Илиевска на почетокот од дискусијата забележа што Општина Битола нема поделено нити една маска на граѓаните а има и најголем број на казни во државата. Ги замоли советниците да гласаат за да Општината обезбеди средства со кои ќе се набават заштитни маски за битолчани, а замоли да не се мешаат партиските и политичките ставови бидејќи дел од тие кои делат маски се членови на Кризниот штаб на Општина Битола.Предлогот на Илиевска е сл: Општина Битола да оддели средства и истите средства да бидат наменети за делење на бесплатни маски на битолчани во делови каде е најголемата фрекфенција на граѓани.

Анита Ангелевска пред да ги изнесе предлозите рече дека ромското население воопшто не е задоволно од пристапот на власта и решавање на нивните проблеми и предложи:

1Информација за донацијата на таблети како почеток а како втора фаза да следува Иницијатива за одделување на финансиски средства од Општината за обезбедување таблети за учениците роми.

2.Информација за делењето на хуманитарни пакети кои беа доделувани од страна на Општината и Црвениот крст заради ситуацијата и кризата со Covid 19. Општината-Градоначалничката и администрацијата да подготват Информација а потоа повторно да следува Одлука на Совет и нови мерки кои заеднички ќе бидат поддржани и на тој начин ќе им се помогне на ромите.

3.Комисијата за урбанизам да обезбеди Информација заедно со Одделението за урбанизам за состојбата со легализациите во делот на Петочна вода и Караорман.

Предлозите од Валентин Груевски:

1.Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 год., беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА)

2. Одлука за измени и дополнување на Одлуката Бр. 09-122/10 од 19.09.2019 година, донесена од Советот на Општина Битола, за кофинансирање (учество) на Општина Битола за исплата на средства во висина од 276.378,00 денари на име на ДДВ (данок на додадена вредност) за одобрени средства во висина на 1.535.436,00 денари на Општина Битола од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку Пелагонискиот плански регион за реализација на проект за „Изградба на улици во населено место Долно Оризари – Општина Битола, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

3. Одлука за ставање вон сила на Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на детален урбанистички план и Одлука за утврдување наНацрт план донесени од Совет на Општина Битола,беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА)

4. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Барешани** во идна урбанистичка планска документација, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

5. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Олевени** во идна урбанистичка планска документација, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

6. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на

бесправните објекти изградени во **КО Бистрица** во идна урбанистичка планска документација, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

7. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Дихово** во идна урбанистичка планска документација, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

8. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Оптичари** во идна урбанистичка планска документација,беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

9. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Нижеполе** во идна урбанистичка планска документација, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

10. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Крклино** во идна урбанистичка планска документација, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

11. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Братиндол** во идна урбанистичка планска документација, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

12. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Магарево** во идна урбанистичка планска документација, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

13. Одлука за утврдување на комуналните такси во Општина Битола согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за комуналните такси за време на вонредна состојба, беше ставен на гласање и едногласно прифатен (31ЗА).

Предлогот од Олга Лозановска односно предлог мерките:

-намалување на донокот на имот до законски минимум

-намалување на данок на пренос-промет на недвижнини од 3 на 2% до законски минимум

-намалување на комуналната такса-фирмарина на законски минимум за сите сублекти

-ослободување од надоместок за поставување на урбана опрема за период од 1.01.2020 до 31.12.2020 и

-ослободување на хотелите од плаќање на туристичка такса за период од 1.01.2020 до 31.12.2020.

Беше ставен на гласање и не беше прифатен со 13 гласови ЗА и 17 воздржани.

Предлогот на Тони Коњановски:

Информација од Комисијата за комунални дејности за состојбите со водоснабдувањето и комуналната хигиена во делот од градот односно населбата Баир во Битола, беше ставен на гласање и не беше прифатен со 11 гласови ЗА и 17 воздржани.

Предлогот на Габриела Илиевска:

Општина Битола да оддели средства и истите средства да бидат наменети за делење на бесплатни маски на битолчани во делови каде е најголемата фрекфенција на граѓани, беше ставен на гласање и не беше прифатен со 12 гласови ЗА и 17 воздржани.

Предлогот на Анита Ангелевска

1.Информација за донацијата на таблети каде и како се поделени. почеток а како втора фаза да следува Иницијатива за одделување на финансиски средства од Општината за обезбедување таблети за учениците роми.

Беше ставен на гласање и не беше прифатен со 13 гласови ЗА и 17 воздржани.

2.Информација за делењето на хуманитарни пакети кои беа доделувани од страна на Општината и Црвениот крст заради ситуацијата и кризата со Covid 19. Општината-Градоначалничката и администрацијата да подготват Информација а потоа повторно да следува Одлука на Совет и нови мерки кои заеднички ќе бидат поддржани и на тој начин ќе им се помогне на ромите.

Беше ставен на гласање и не беше прифатен со 12 гласови ЗА,1 против и 16 воздржани.

3.Комисијата за урбанизам да обезбеди Информација заедно со Одделението за урбанизам за состојбата со легализациите во делот на Петочна вода и Караорман.

Беше ставен на гласање и не беше прифатен со 11 гласови ЗА и 17 воздржани.

За работа на седницата веше предложен и со 17 гласови ЗА,11 против и 2 воздржани прифатен следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година.
2. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година.
3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот за 2020 година.
4. Програма за измена и дополнување на Програмата за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2020 до 2022 година.
5. Програма за измени и дополнување на Програмата за економски развој во Општина Битола за 2020 година.
6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Битола за 2020 година.
7. Одлука за преотстапување на дизел гориво Еуродизел БС на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Подружница Битолско Поле - Битола, заради реализација на Акциониот план за чистење на дел од критични реки на територијата на Општина Битола.
8. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на листа за изградба и реконструкција на водоводни системи во населени места на подрачјето на Општина Битола со користење на средства од Европска инвестициона банка.
9. Одлука за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата од страна на Општина Битола за потребите на ОУ „Кирил и Методиј“ - Битола.
10. Решение за давање согласност на барањето за донесување на Одлука на

Советот на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со Јавно Претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола ( ЈППЈЛП) за реализирање на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2020 год. Во делот на одржување на хоризонталната сигнализација, со примена на член 24 од Законот за јавните набавки.

11. Одлука за склучување на договори на Општина Битола со Јавно Претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола ( ЈППЈЛП) Битола за реализирање на Програмата бр. 09-181/30 од 25.12.2019 година , донесена од Советот на Општина Битола , за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2020 година, во делот на одржување на хоризонталната сигнализација, со примена на член 24 од Закон за јавните набавки.

12. Програма за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 год.

13. Одлука за измени и дополнување на Одлуката Бр. 09-122/10 од 19.09.2019 година, донесена од Советот на Општина Битола, за кофинансирање (учество) на Општина Битола за исплата на средства во висина од 276.378,00 денари на име на ДДВ (данок на додадена вредност) за одобрени средства во висина на 1.535.436,00 денари на Општина Битола од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку Пелагонискиот плански регион за реализација на проект за „Изградба на улици во населено место Долно Оризари – Општина Битола.

14. Одлука за ставање вон сила на Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на детален урбанистички план и Одлука за утврдување наНацрт план донесени од Совет на Општина Битола

15. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Барешани** во идна урбанистичка планска документација.

16. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Олевени** во идна урбанистичка планска документација.

17. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Бистрица** во идна урбанистичка планска документација.

18. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Дихово** во идна урбанистичка планска документација.

19. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Оптичари** во идна урбанистичка планска документација.

20. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Нижеполе** во идна урбанистичка планска документација.

21. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Крклино** во идна урбанистичка планска документација.

22. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Братиндол** во идна урбанистичка планска документација.

23. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Магарево** во идна урбанистичка планска документација.

24. Одлука за утврдување на комуналните такси во Општина Битола согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за комуналните такси за време на вонредна состојба

Претседателот на Советот Валентин Груевски даде пауза од 15 мин.

1.

Валентин Груевски рече,членовите на Комисијата за финансии го разгледале материјалот по точките:1,2,3,7 и 9 а гласањето беше: за точките 1,3,7 и 9 со 5 ЗА, за точката 2 со 3ЗА и 1 воздржан.

Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (26ЗА).

2.

Габриела Илиевска на почетокот од дискусијата потсети на предлогот даден (на 2-рата седница од овој советнички состав) од советничката група на Поинаку за формирање на Комисија за ревизија на работењето на предходниот Градоначалник Владимир Талески.На оваа седница по оваа точка Општината треба да исплати 20 милиони а во текот на предходниот дек (на Комисијата)биле побарани документи- судски одлуки и можност да се види структурата на долгот, и праша Зошто се кријат документите.

Методија Илиевски со носењето на Одлуката Општина Битола треба да превземе обврска за исплата на 3,5 милиони д. за поставување на трафостаница која ќе биде за потребите на осветлувањето на Стадионот под Тумбе кафе,Напомена дека Фудбалска федерација на РСМ има донација во поставување на рефлектори а за истите Општината треба да направи услови односно да има проток на струја кои чинат повеќе од 3,5 милиони д.Исто така има дополнителна инвестиција за патот кон с.Ореово со износ од 2 милиони д. а тоа покажува дека се води сметка за капитални инвестиции.Во однос на долгот рече дека не се работи за направена обврска од оваа власт,а оваа власт мора да ги санира проблемите и долговите кои ги оставила предходната власт.Потсети дека во изминатиот период оваа власт интервенираше во училиштата,обиколницата,Касарната,а сега и во пожарната.Во делот на транспарентноста и расветлување на вистината до крај предложи Заклучок за поднесување на барање до Основното јавно обвинителство и други институции за истражување на случајот со реновирање и реконструирање на Старскиот дом Сју Рајдер Битола

Павиљон 1 и 2. 1)Советот на Општина Битола да поднесе Барање до Основното Јавно обвинителство и до другите надлежни иснституции во РСМ за истражување на случајот сореновирање и реконструирање на Старскиот дом Сју Рајдер Павиљон 1 и 2 во Општина Битола, Врз основа на Договорот заверен воМинистерството за ЛС под бр.10-1117/3 од 19.12.2011 поради индикации за постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело по кривичниот законик на РСМ; 2)Барањето за точката на овој заклучок во име на Советот на Општина Битола да го поднесе Претседателот на Советот на Општина Битолаи 3)Заклучокот влегува во сила со денот на негово донесување и ќе биде објавен во Сл.Гласник на Општина Битола.Со ова може да се заклучи дека Општина Битола превзема обврска да исплати одредени средства кои не ги направила оваа локална власт и дека Општина Битола и понатаму по однос на ова прашање ќе ја расфетли вистината за тоа кој.како,какви договори се склучувани и во кој период.

Борче Димитровски потсети на Втората седница од овој состав на советници одржана во Ноември 2017 и рече, на таа седница советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата укажала на правните можности и што треба Општината Битола за превземе доколку сака да утврди нечија одговорност.Во изминатите три години оваа ЛС не превзеде ништо на таа тема со надлежните органи, а сега после три години после добивање на пресуда за обврска на Општина Битола пресудена од граѓански суд(Основен и Апелационен суд)- сега Советот да гласа Заклучок по кој ќе се поднесува кривична пријава до Основното јавно обвинителство.Напомена дека ниту Советот е надлежен да одлучува ниту воопшто има таква потреба од тоа.

Жаклина Наумовска рече дека судскиот спор е започнат во Април месец 2016г.одлука на Основен суд е донесена на 17.01.2017, Општината тогаш се жали на Апелација,на 13.09.2017 Апелационен суд ја враќа на Основен суд и постапката на Основен суд започнува.Една Одлука е на 26.11.2019 од Основен суд во корист на градежната фирма потвредена од 7.05.2020 од Апелационен суд.Наумовска рече дека постои сомнеж за организиран криминал и заради тоа Општината бара Ревизија на Врховен суд,бидејќи се убедени дека тука има организиран криминал,плаќани сефактури со ДДВ иако во договорот јасно стои дека ДДВ-то не треба да биде влезено во сумата.Плаќано е по пат на цесии без соодветна потребна и пропратна документација сума од 50.000Евра за кои нема никакви фактури (затоа е поднесена и точката на дневниот ред) а јасно е дека и градењето и криминалното плаќање е правено во времето на МВРО ДПМНЕ.

Габриела Илиевскауште еднаш праша Зошто во изминатите 3 години не беше изврчена никаква ревизија, зошто не беше прифатено барањето за формирање на Комисија за ревизија и прашува за што на оваа седница треба Советот да носи Заклучок.Каква надлежност има Советот да носи таква Одлука кога на Градоначалникот никој до сега не и забранил да поднесе такво барање.Ја праша Наумовска од каде и се информациите кои предходно ги изнесла, а доколку Градоначалничката се сомневала во криминал Зошто до сега не потегнала да се направи ревизија.

Жаклина Наумовска рече сите податоци кои предходно биле изнесени-биле кажани и на Комисијата, а таа ги добила од колегите советници кои веќе биде на Комисијата.

Габриела Илиевска потсети дека на Комисијата лично Илиевска побарала такви податоци во писмена форма-но не добила.

Жаклина Наумовска рече дека таа не била на Комисијата а хронолошки ги спомнала датите кои биле кажани на Комисијата.

Габриела Илиевска која била на самата комисија не слушнала дека има некакво сомнение за организиран криминал и уште еднаш праша: Зошто не беше поддржана Комисијата за ревизија на 12 годишното работење на Владимир Талески.

Виолета Дракалска рече,од каде е потребата на советниците да дискутираат на прашања за кои не се стручни,во моментот неможе да се спречи било какво дејствие.Се работи за извршна

одлука по која мора да се постапи, и додаде- ревизија се поднесува одкако ќе заврши некоја постапка.Смета дека по поднесената ревизија одговор ќе следи и тоа ќе го знаат и советниците и граѓаните.

Габриела Илиевска потсети дека предмалку советник од власта побарал поведување на постапка (а Дракалска кажува дека ние не сме истражен орган и нема потреба од документи) и праша Како може да се донесе Заклучок за поведување на кривична пријава, Кривична пријава може да поднесе само Градоначалникот.

Виолета Дракалска рече дека таа говори за ревизија по предметот по парите кои треба да ги исплати Општина Битола по однос на пресудата, одкако ќе се одлучи по барањето за ревизија-тогаш ќе мпже да се дискутира и побара да не се мешаат во работата на судските органи.

Габриела Илиевска рече дека Градоначалникот не го спречува ништо во било кое време да поднесе кривина пријава доколку има основно сомневање,а ревизијата (за која зборува Илиевска) доколку не била добра-Зошто ја гласале советниците од сегашната власт а предходна опозиција?

Виолета Дракалска во однос на чл,4 од Договорот(кој го спомнала Илиевска) ја праша Илиевска од каде и бил достапен договорот.

Габриела Илиевска рече дека на одржаната Комисија биле читани делови од договорот од страна на Н.Лукиќ, а тоа што е советник во изминатите 8 години и дава можност да биде во тек со многу голем број на проекти ( и од времето на Владимир Талески) и од тие причини ги има сите записници и работи кои сега се извртуваат.Од тие причини Илиевска во 2017г.барала ревизија на Општината,а основани сомневања имало и тогаш.

Виолета Дракалска побара извинување од Илиевска кон сите советници кои биле на Комисијата за финансии, и потсети дека на Комисијата во неколку наврати на Лукиќ и биле поставувани прашања за чл.4.

Габриела Илиевска рече дека само еднаш побарала да се прочита чл.4 од Договорот, и уште еднаш повтори:како советник во изминатите 8 години таа е во тек со она што се случувало во изминатиот период.

Претседателот даде пауза од 30 мин.

Анита Ангелевска во днос на предходните дискусии односно дискутанти рече дека едната советничка е екзекутерски расположена а другата контрадикторна-а и двете збунети,и побара од Дракалска да го објасни чл.19 и да го опсервираат моментот на професионалност,етика и морално однесување.

Зоран Стојчевски рече дека на комисијата (од предходниот ден) било појасно зошто се врши прераспоредот на средства и појасни:договорот е склучен на 19.11.2011 а носител на проектот е Министерството за труд и социјална политика.Покрај обврската на Општината Битола и Министерството за труд и социјална политика има обврска да испита како се потрошени нивните пари и смета дека судските органи треба да си ја завршат работата.

Иванчо Тошевски рече,се започна со прес конференцијата на Градоначалничката Петровска и до сега никогаш не се кажало дека се планира за некаква ревизија за овој предмет, и додаде дека никој од советниците од опозицијата нема против да има ревизија.Тошевски праша Зошто со превземањето на власта во 2017 (кога се затекнал активен судски спор за основен долг од над 11 милиони д.)Зошто уште веднаш Градоначалничката не направи ревизија на истиот овој спор?Доколку тоа беше направено-тогаш граѓаните на немаше потреба да плаќаат камата од 7 милиони,надоместок за 12 судски рочишта за што граѓаните треба да платат 700.000д.

Емилија Костурски рече,најважно за оваа ЛС е да се работи законски домаќински,според словото на Законот и во интерес на граѓаните, а од тие причини опозицијата шири лажни вести.Потсети на минатата година кога се носеа одлуки за формирање на новото ЈП за паркинзи,

или санирањето на обиколницата- главна проблематика на опозицијата и тогаш беше„зошто сега?“, а истото прашање се поставува и на оваа точка. Костурски во прилог на темата рече,само во 2017г. оваа ЛС исплати 27 милиони д.по судски решенија;во 2018г. над 4 милиони д.за„домаќинското“ работење на ВМРО ДПМНЕ преку судски решенија; 2019г. 7 милиони д.; во 2020г.околу 22 милиони треба да се исплатат,а за сето тоа треба да се направи измена на распоредот на средствата (Потсети дека пред повеќе од една недела Градоначалничката ги повикала на прес конференција повисоките инстанци да се позанимаваат со оваа проблематика).И окрај наследените долгови оваа власт работи во ионтерес на граѓаните, а камата за оваа проблематика за која се разговара (за извршниот долг кој мора да се плати) на дневна основова е околу 5000д., односно мора да владее правото во државата.

Методија Илиевски рече дека оваа Градоначалничка и пред извесно време ги обелодени неправилностите во општината правени од предходната власт и уште еднаш го прочита предлог Заклучокот: Заклучок за повикување на надлежните институции за истражување на случајот со реновирање и реконструкција на Домот за стари лица Сју Рајдер Павиљон 1 и 2 во Општина Битола. 1)Советот на Опшптина Битола ги повикува сите надлежни институции во РСМ да го истражат случајот со реновирање и реконструкција на Домот за стари лица Сју Рајдер Павиљон 1 и 2 во Општина Битола врз основа на Договорот заверен во Министерството за ЛС под бр.101117/3 од 19.12.2011 г. поради индикации за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело по кривичниот Закон на РСМ ; 2) Заклучокот влегува во сила со денот на негово донесуивање и ќе се достави до сите надлежни институции во РМ а ќе биде објавен во Сл.Гласник на Општина Битола. Илиевски очекува Заклучокот дека ќе биде поддржан од сите советници.

Габриела Илиевска рече дека советничката група на „Поинаку“ нема намера да учествува во ддискусија по точката (и уште еднаш потсети на барањето од пред две годин за формирање на Комисијата за ревизија која не беше прифатена од власта).

Валентин Груевски неговата дискусија ја подели на два дела:Во првиот дел од дискусијата забележа што никој не спомнал дека се влегува во инвестиционен дел поврзан со Градскиот стадион во Битола.Општина Битола со 3,6 милиони д. ќе изгради трафостаница на Градскиот стадион која послужи на стадионот да се наместат рефлектори кои ќе чинат околу 800.000Евра-тоа е една од најголемите инвестиции после Офицерскиот дом и други инвестиции кои се направиле во градот. Втора работа е изгубениот судски спор кој е пуштен во работа 2014 со договор од 2011г.-сите работи (договори,анекси,надзори и сл.) се направени до 2014.а судскиот спор започна во 2016г.(во време на владеењето на ВМРО ДПМНЕ) и праша Како може оваа власт започнат судски процес да го прекине и дали постои некој што прекинал судски процес за да го види дали е лош или добар?, Како се прави ревизија на започнат судски спор?Напомена дека каматата за секој ден за 20 милиони е по 80Евра дневно и уште еднаш го прочита Заклучокот кој Груевски им го испрати на сите советници.

Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и донесена со 17 гласови ЗА и 9 воздржани.

Заклучокот: Заклучок за повикување на надлежните институции за истражување на случајот со реновирање и реконструкција на Домот за стари лица Сју Рајдер Павиљон 1 и 2 во Општина Битола. 1)Советот на Опшптина Битола ги повикува сите надлежни институции во РСМ да го истражат случајот со реновирање и реконструкција на Домот за стари лица Сју Рајдер Павиљон 1 и 2 во Општина Битола врз основа на Договорот заверен во Министерството за ЛС под бр.101117/3 од 19.12.2011 г. поради индикации за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело по кривичниот Закон на РСМ ; 2) Заклучокот влегува во сила со денот на негово донесување и ќе се достави до сите надлежни институции во РМ а ќе биде објавен во Сл.Гласник на Општина Битола.

Заклучокот беше ставен на гласање и прифатен со 17 гласови ЗА.

3.

Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (27ЗА).

4.

Методија Илиевски рече.членовите на Комисијата за јавни и комунални дејности го разгледале материјалот по точките:4,8,10,11,12 и 13 и сите точки биле гласани со 3 гласови ЗА.

Методија Илиевски во однос на развојните програми рече:во Општина Битола започната е реконструкција на најголемата улица во градот„Илинденска"со должина од околу 1км.со предвидени средства од 15 милиони д.од страна на Општина Битола и дополнителни средства од околу 8 милиони д.во 2021(предвидено е комплетна изработка на улицата),интензивно се работи на Офицерскиот дом (за 2020 се предвидени повеќе од 10 милиони д.а во 2021 околу 5 милиони д.),а во завршна фаза е и стадионот (со предвидени 90 милиони д. за оваа година,а повеќе од 150 милиони предвидени за во следната година).За гасификација во 2020 се предвидени 20 милиони д. а следната година 75 милиони д.).Илиевски рече дека изработен е проект за инфраструктура нагасоводна мрежа,телекомуникациски коридот и коловоз према Млекара Битола со должина од 3500м.;потпишан е меморандум со млеката Битола за регулирање на правата и обврските за коридорот кој ќе поминува низ парцелата на млекара одобрен од бордот на директори;Изработен е АУП за изградба на парцела на млекарата којќе биде во сопственост на Општина Битола; за 25000м.изработен е елаборат за заштита на животна средина и истиот е одобрен од Министерство ;инфраструктурниот проект е ставен во системот на во Урбанизам и течи постапка ;започната е постапка за пренамена на земјоделското земјиште во градежно земјиште а во завршна фаза е изработка на инфраструктурен проект за телекомуникациски коридот,гасовод и проширување на индустриските улици во должина од 7000м.

Програмата за измена и дополнување на Програмата за развојни планови на Општина Битола за периодот од 2020 до 2022 година, беше ставена на гласање и донесена со 17 гласови ЗА и 5 воздржани.

5.

Емилија Костурски рече,членовите на Комисијата за Економски развој го разгледале материјалот по точкката и гласле со 3 гласови ЗА и 1 воздржан.

Борче Корлевски појасни дека се работи финансирање на објектна СУ„.Наумов" во висина од 1,660.000д.,за улици во Долно Оризари и патокази во Подпелистерските села преку Пелагонискиот регион, и дека се работи за континуитет во реконструкција и обновување на образовниот систем и смета дека тоа е најголема капитална инвестицијаНапомена дека во Д.Оризари до сега се реализирани 5 улици а 7 сеуште се работат, и потсети дека во изминатите 3 години во Д.Оризари се реализирани 15 улици а со предходното раководство за 12 години се реконструирани 4 улици.

Програмата за измени и дополнување на Програмата за економски развој воОпштина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА)

6.

Зоран Стојчевски рече,членовите на Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина го разгледа материјалот по точките: 6,15,16,17,18,19,20,21,22,23 и за сите точки се гласало со 4 гласови ЗА, а за точката 14 точка се гласало со 3 гласови ЗА и 1 воздржан.

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка планска документација на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, беше ставена на гласање и едногласно донесена (25ЗА).

7.

Одлуката за преотстапување на дизел гориво Еуродизел БС на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, Подружница Битолско Поле - Битола, заради реализација на Акциониот план за чистење на дел од критични реки на територијата на Општина Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

8.

Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на листа за изградба и реконструкција на водоводни системи во населени места на подрачјето на Општина Битола со користење на средства од Европска инвестициона банка, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

9.

Одлуката за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата од страна на Општина Битола за потребите на ОУ „Кирил и Методиј“ – Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (23ЗА)

10.

Решението за давање согласност на барањето за донесување на Одлука наСоветот на Општина Битола за склучување на договори на Општина Битола со Јавно Претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола ( ЈППЈЛП) за реализирање на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2020 год. Во делот на одржување на хоризонталната сигнализација, со примена на член 24 од Законот за јавните набавки, беше ставено на гласање и донесено со 17 гласови ЗА и 7 воздржани.

11.

Одлуката за склучување на договори на Општина Битола со ЈавноПретпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници на Општина Битола ( ЈППЈЛП) Битола за реализирање на Програмата бр. 09-181/30 од 25.12.2019 година , донесена од Советот на Општина Битола , за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2020 година, во делот на одржување на хоризонталната сигнализација, со примена на член 24 од Закон за јавните набавки, беше ставена на гласање и донесена со 17 гласови ЗА и 7 воздржани.

12.

Програмата за измени и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2020 год.беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

13.

Одлуката за измени и дополнување на Одлуката Бр. 09-122/10 од 19.09.2019 година, донесена од Советот на Општина Битола, за кофинансирање (учество) на Општина Битола за исплата на средства во висина од 276.378,00 денари на име на ДДВ (данок на додадена вредност) за одобрени средства во висина на 1.535.436,00 денари на Општина Битола од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на РСМ преку Пелагонискиот плански регион за реализација на проект за „Изградба на улици во населено место Долно Оризари – Општина Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

14.

Одлуката за ставање вон сила на Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на детален урбанистички план и Одлука за утврдување наНацрт план донесени од Совет на Општина Битола, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

15.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Барешани** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

16.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Олевени** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

17.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Бистрица** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

18.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Дихово** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

19.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Оптичари** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

20.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Нижеполе** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

21.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Крклино** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

22.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Братиндол** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

23.

Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во **КО Магарево** во идна урбанистичка планска документација, беше ставена на гласање и едногласно донесена (24ЗА).

Претседателот ја прекина седницата а продолжението ќе биде за следниот ден 12.06.2020г. во 13 часот.

Продолжението на 55 седница е на ден 12.06.2020 година

Почеток во 13,20 ласот

Присутни 22 советници

Отсутни 9 советници

24.

Валентин Груевски рече,членовите на Комисијата за финансии го разгледале материјалот поточката и за истиот гласале со 4 гласови ЗА.

Олга Лозановска потсети дека на изминатите три седници опозицијата предлагала мерки за справување со економската криза во државата а советниците од власта гласале воздржано, а на оваа седница власта покажува негрижа и лицемерие. Ги спомна големите бројки на заболени и починати во периодот од пандемијата и катастрофалните резулрати во економијата а тоа е резултат на неспособност,на незнаење и некадарност на оваа власт да се справи со пандемијата.Се прашува дали со оваа мерка ќе се намалат загубите на стопанствениците кои ги имаат.

Емилија Костурски смета дека со точката која е на дневен ред СДСМ и коалицијата на локално и Централни ниво продолжува на дело да покажува дека навистина се гриожи за граѓание.На иницијатива од Градоначалничката Наташа Петровска (од пред два дена) беше донесена Уредба за примена на Законот за комунални такси за време на Вонредната состојба, а предлогот на нашата ЛС беше-ослободување од комунални такса на(0)нула денари. На големо задоволство на нашата Локалната власт во Општина Битола-Централната власт излезе во пресрет и ја донесе оваа Уредба. Смета дека Одлуката која е на дневен ред ќе им биде од голема корист на граѓаните (односно намалувањето на 0%) додека трае вонредната состојба, а во контекст на покажување на грижата и хуманоста кон граѓаните-советничката група на СДСМ и коалицијата паушалите за месец Март и Април ќе ги донира во борбата против вирусот Covid19 а ги повика и останатите советници да го направат тоа и да ја покажат својата хуманост на дело.

Анита Ангелевска рече,одлуката која е точка на дневен ред не ја носи СДСМ нити Емилија Костурски-Одлуката ја носи Советот на Општина Битола кој се состои од повеќе политички партии.За Одлуката ќе гласаат и советниците од опозицијата од причина што и тие сакаат со мал придонес да им помогнат на граѓаните.

Борче Корлевски и забележа на Ангелевска на нејзините зборови односно зборовите со кои ги навредува советниците во Советот.

Зоран Стојчевски и забележа на Ангелевска што не ја разбрал нејзината дискусија.

Габриела Илиевска праша Дали мора ослободувањето да биде до 15.11 или тоа може да се направи до крајот на годината и дали наплатата е според масите или според површината, а Претседателот на Советот појасни дека сопствениците на кафичите имале поднесено барања само за летниот период.

Анита Ангелевска кон Корлевски упатува лично извинување како Анита Ангелевска.

Борче Корлевски рече дека нема потреба да се прават споредби со лица со попреченост.

Татјана Крнчева смета дека не само Корлевски се осетил лично навреден и појасни дека никој од советниците не е неспособен или малоумен, и замоли навредите во Советот да престанат.

Одлуката за утврдување на комуналните такси во Општина Битола согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за комуналните такси за време на вонредна состојба, беше ставена на гласање и едногласно донесена (22ЗА).

Седницата заврши на 12.06.2020 г. 14,00 часот.

Седницата се пренесуваше на Youtube и се снимаше на аудио касети и по нив се водат забелешки.

Седницата ја обработи Ленче В.Гареска,референт за седници.

Бр..09-50/2<br>11.06.2020 год.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>На Советот на Општина Битола<br>Валентин Груевски